# ПРИЛОЗИ

*Х. Андонов-Полјански*

## ЕДЕН „ТАЈМСОВ" ПРЕГЛЕД ЗА ТЕКОТ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА ВО МАКЕДОНИЈА

Последниве години во историографијата се обрнува сé повеќе внимание кон проучувањето на положбата во Македонија во времето на Првата светска империјалистичка војна. Затоа и објавувањето на прилози од тој период придонесува за појасно расветлување и натамошно разработување, како на движечките процеси во Македонија во она време, така и за поконкретна реконструкција текот на самата Војна. Прилогов што го објавуваме токму придонесува за реконструкција текот на Војната во Македонија. Во него го предаваме прегледот, кој го издвоивме од големиот и опстоен преглед на Војната, што го издаде големиот лондонски дневен весник „Тајмс". (The Times Diary and Index of the War 1914 to 1918. London 1921, 342). Во прегледот е опфатена целата Војна, 1914—1918 година. Одделот за Македонија е предаден во одбележување на најважните настани, кои се случиле во текот на Војната и тоа општо за Македонија и одделно за позначајните места во Македонија каде се од вивала војната: Битола, Велес, Гевгелија, Градско, Дојран, Охрид, Прилеп, Солун, Скопје, Струмица, Тетово и Штип. Податоците се од општ карактер, го конкретизираат настанот кој се случил и го одбележуваат неговиот датум. Прегледот во одделните единици е хронолошки според текот на Војната.

Прегледот со мали изедначувања го објавуваме во овој прилог. Оригиналниот текст, преведен на македонски јазик, е сочуван до најголема можна мерка. Прегледот по единици е именски, а во самите единици хронолошки. Сметаме дека овој преглед ќе придонесе за уточнување на низа моменти од текот на Првата светска војна во Македонија.

ПРИЛОГ

### 1. Македонија

Борбите на фронтот во Македонија — 8. XII. 1915 г.; Сојузниците се повлекуваат од Вардар — 9. XII. 1915 г.; Бугарите влегуваат во Македонија — 12. XII. 1915 г.; Германски алпински корпуси се повлекуваат од Македонија — 21. III. 1916; Генералот; von Winckler командува со 11-та германска армија во Македонија — 10. VIII. 1916 г.

Британците и Французите во акција — 20. VIII. 1916 г.; Српски успех кај Кајмакчалан — 30. IX. 1916 г.; Британско напредување кон Сер — 6—7. X. 1916 г.; Французите ги заземаат бугарските линии — 10. X. 1916 г.; Генералот Otto von Below командува со германските сили во Македонија — 10. X. 1916 г.; Италијанско напредување јужно од Охридското Езеро — 16. I. 1917 г.; Сојузниците притискаат во охридскиот регион — 10. IX. 1917 г.; Италијанците од Албанија во врска со Сојузниците во Македонија — 25. X. 1916 г.; Натамошно српско напредување во Македонија — 26. XI. 1916 г.; Британско напредување во Македонија — 25. IV. 1917 г.; Венизелистите ги атакуваат бугарските окопи во Македонија — 5. V. 1917 г.; Британски атаки во Македонија — 9. V. 1917г. Атаката се проширува кај Лиумница, 10. V. 1917 г.; Британско напредување кон Дојран — 14. V. 1917 г.; Британците се повлечуваат од левиот брег на реката Струма, поради маларија — 16. VI. 1917 г.; Српско напредување кон секторот Доброполе—Моглен — 30. VII. 1917 г.; Француско-српско напредување долж 22 мили на фронтот во Македонија — 17. IX. 1918 г.

(The Times, p. 275).

## 2. Битола

Бугарите настапуваат кон Битола — 1. XI. 1915 г.; Бугарите ја напуштаат Битола. — 16. XI. 1915 г.; Бугарите задржани — 20. XI. 1915 г.; Бугарите се закануваат — 26; 26. XI. 1915 г.; Бугарите и Австро-Германците напредуваат кон Битола — 28. XI. 1915 г. Повлекување на Бугарите — 2. X. 1916 г.; Битката кај Битола — 3—4. X. 1916 г.; Србите ја поминуваат Црна — 9. V. 1916 г. Напредување кон Брод и заземање — 11—17. X. 1916 г.; Србите напредуваат кон Битола — 10, 12. XI. XI. 1916 г.; Бугарите се повлекуваат јужно од Битола — 14. XI. 1916 г.; Судрувања со генералот Sarrail — 19. XI. 1916 г.; Српски успеси источно и северо-источно од Битола — 19. XI. 1916; Борби северно од Битола — 21—22. XI. 1916 г.; Сојузничко напредување северно од Битола — 23.XI. 23. XI. 1916; Србите го заземаат ридот на 1.050 м. северно од Битола — 26. XI. 1916 г.; Напредување северно-источно од Битола — 3. XII. 1916 г.; Борбите северно од Битола 12. XII. 1916 г.; Германците се укрепуваат — 20. XII. 1916 г.; Втората битка започнува — 11. III. 1917; Италијанците напредуваат источно од Битола — 12. III. 1917; Французите се придружуваат западно од Битола — 25. III. 1917 г.; Србите и Русите се ангажираат — 9. V. 1917, г.; Сојузниците го бомбардираат фронтот од Дојран кон Битола — 14. IX. 1918 .; Повлекување на Бугарите на близу 100 мили на фронтот помеѓу Дојранското Езеро и Битола — 22. IX. 1918 г.;

2а. Битола—Гевгелија — француски воздушен напад — 23. I. 1916 г.

(The Times p. 280—281).

## 3. Велес

Бугарите го окупираат 20-X-1915 г.; Французите го ослободуваат — 25. X. 1915; Бугарите повторно го заземаат — 29. X. 1915 г.; Србите се задржуваат помеѓу Прилеп и Велес — 1. XI. 1915 г.; Бугарскиот напад јужно од Велес одбиен — 11. XI. 1915 г.; Србите го заземаат Велес — 25. IX. 1918 г.

3а. Велес—Штип патот — Сојузниците на 10 мили од патот — 24. IX. 1918 г.;

3б. Велес — Прилеп патот — Сојузниците на 10 мили од патот — 25-IX-1918 г.

(The Times, p. 332).

## 4. Гевгелија

Бугарите влегуваат — 12. XII. 1915 г.; Французите ги заземаат првите бугарски линии на височините западно од Гевгелија — 10. X. 1916; Заземање на Гевгелија — 22. IX. 1918 г.; Заземање на Вардарската долина од Градско кон Гевгелија — 24. IX. 1918 г.

4а. Гевгелија —Дојран — Британците во акција — 30. X. 1915 г.

(The Times, p. 248).

5. Градско

Окупирано — 10. XI. 1915 г.; Вардарската долина заземена од Гевгелија кон Градско — 24. IX. 1918 г.

(The Times, p. 250).

6. Дојран

Бугарите влегуваат — 12. XII. 1915 г.; Французите бомбардираат — 9—10. VIII. 1916 г.; Французите го заземаат „Желкиниот рид" — 15. VIII. 1916 г.; Британско напредување во секторот — 12. III. 1917; Напредување — 25. IV.; 14. V. 1917 г. Сојузниците го бомбардираат фронтот од Битола кон Дојран — 14. IX. 1918.

6а. Дојранско Езеро

Англо-грчки трупи напаѓаат западно и источно од Езерото — 18. IX. 1918 г.; Бугарите отстапуваат на близу 100 мили на фронтот помеѓу Битола и Дојранското Езеро — 22. IX. 1918 г.

(The Times, p. 231).

7. Охрид

Србите се повлекуваат долж патот — 2. XII. 1915 г.; Италијанците напредуваат јужно од Охрид — 16. I. 1917 г.; Сојузнички притисок во регионот — 10, 12. IX. 1917.

(The Times, p. 230).

8. Прилеп

Србите се задржуваат помеѓу Велес и Прилеп — 1. XI. 1915 г.; Бугарите напредуваат кон Прилеп — 14. XI. 1915 г.; Паѓање на Прилеп — 16. XI. 1915 г.; Српската коњица близу Прилеп — 18. IX. 1918 г.; Го заземаат — 23. IX. 1918 г.

(The Times, p. 299).

9. Солун

Британската 10 дивизија се искрцува — 5. X. 1915 г.; 20.000 сојузнички трупи во Солун — 7. X. 1915 г.; Генерал Sarrail во Солун — 13. X. 1915; Пристигање на засилување — 4. XII. 1915 г.; Грција држи една дивизија — 11. XII. 1915 г.; Утврдување — — 13. XII. 1915 г.; Германски воздушен напад; непријателските конзули затворени — 30. XII. 1915 г.; Германско-бугарски претстражи влегуваат северно од Солун — 21. III. 1916 г.; Состојба на опсада — 3. VI. 1916 г.; Руски трупи во Солун — 30. VII. 1916г. Сојузничка офанзива — 10. VIII. 1916 г.; Прв италијански контигент пристига — 10 10. VIII. 1916 г.; Французите го заземаат „Желкиниот рид" — 15. VIII. 1916 г.; Руски трупи на фронтот — 25. VIII. 1916 г.; Востание на Венизелистите — 30. VIII. 1916 г.; Воздушни напади — 27. II.; 4. III. 1917 г.; Пожар, голема штета — 18. VIII. 1917 г.; Сојузничката офанзива одложена — 24. V. 1917 г.; Дејствување на фронтот — 8.VIII.1917 г.; Сојузничко напредување кон Струма — 16. IV. 1918 г.; Повлекување од селата — 18. IV. 1918 г.; Генералот Franchet D'Espérey го наследува генералот Guillaumat во командувањето. — 8. VI. 1918 г.

9а. Солунско пристаниште — Воздушен брод уништен од сојузничката флота — 4. V. 1916 г.

9б. Солун—Скопје—Ниш пругата — бугарски напад — 100 мили од линијата — 21. X. 1915 г.

(The Times, p. 309).

10. Скопје

Бугарите го окупираат — 22. X. 1915 г.; Французите се заканувaат — 25. X. 1915 г.; Српската коњица навалува кон Скопје — 25. IX. 1918 г.; Француска коњица во Скопје — 29. IX. 1918 г.; Французите го заземаат — 30. IX. 1918 г.

(The Times, p. 331).

11. Струмица

Французите ја окупираат — 29. X. 1915 г.; Британците ги губат фронтовските окопи — 6. XII. 1915 г.; отстапување — 7. XII. 1915 г.; Британците во Бугарија на 6 миљи јужно од Струмица — 25. IX. 1918 г.

11а. Струмица —Криволак — Сојузниците во Струмица—Криволак — 20 20. X. 1915 г.

(The Times, p. 318).

12. Тетово

Србите повторно го заземаат — 12. XI. 1915 г.; Бугарите повторно го враќаат — 14. XI. 1915 г.

(The Times, 325).

13. Штип

Бугарите повторно го враќаат — 25. X. 1915 г.; Освоен — 25. IX. 1918 г.;

(The Times, p. 260)

*Љ. Лапе*

## СТАТИЈА НА КРСТЕ МИСИРКОВ ОД 1914 г.

Поделбата на Македонија, што по Втората балканска војна ја санкционира Букурешкиот мирен договор од август 1913 год. тешко се одрази кај маса македонски патриоти во Македонија и надвор од неа. Еден од нив беше и познатиот македонски културен работник Крсте П. Мисирков. Убеден во неправедливите одредби на овој договор, а предчувствувајќи ја новата бура на Првата светска војна, Мисирков, кој тогаш се наоѓал со служба во рускиот град Кишињев, се решил да го запознае руското општество со извршената неправда и да го постави решавањето на македонското прашање од гледна точка на самите Македонци. За таа цел тој и неговите истомисленици од македонската колонија во Петроград почнале да објавуваат редица статии во видните руски списанија и весници, а покренале и свој сопствен печатен орган „Македонски голос", во кој ги изнесувале своите погледи за правилното решавање на македонското прашање. Овде претставува една од првите статии на К. Мисирков објавена во форма на писмо до читателите на видното списание „Славянски известия" во број 9 од 1. мај 1914 год. Статијата има наслов „Македонија и Словенството". Одкако ги упрекнува големите европски и малите балкански држави за сторените грешки кон Македонија со заклучувањето на Букурешкиот мир и во текот на балканските војни, Мисирков ја изразува длабоката верба во издржли-